Изработила: Сузана Милошева - Левкова

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Седмица: 15** **Час: 1**<br>**Датум:** | | | **Тема 4: Поим за алгоритми и програми**<br>**Наставна единица: Алгоритми** | | | **Одделение:**<br>**IV** |
| Распоред (делови од часот) | Цели на учење | Критериуми на успех (очекувани резултати) | Активности<br>Опис | Активности<br>Организациони форми | Ресурси (средства и материјали) | Доказ за постигнувањата |
| 5 мин. | Да го објаснува со свои зборови поимот алгоритам | <u>**Сите можат:**</u><br>да набројат чекори во извршување на секојдневни задачи | Учениците преку бура на идеи набројуваат редослед на утрински активности пред да одат на училиште.<br>Најава на целта на часот: Сè што правиме може да се запише во вид на последователни чекори. | Техника Бура на идеи<br>З<br>метод на разговор | Ленти со текст<br><br>Флип чарт<br><br>Прибор за работа (ножици, лепак, фломастери)<br><br>Учебник<br><br>Наставен лист | Дискусија |
| 30 мин. | | <u>**Повеќето можат:**</u><br>да објаснат што е алгоритам | • Активност за составување алгоритам.<br>- Работа во групи, утринските активности што ги извршуваат треба да ги запишат на хартија; да ги исечат лентите со секоја активност; лентите да ги подредат по одреден редослед.<br>- Дефинирање на поимот алгоритам: **Алгоритам** е опис, начин за решавање зададен проблем по точно одреден редослед.<br>- Ги разгледуваме лентите на кои се запишани утринските активности. Преку дискусија се доаѓа до заклучок за начин на запишување алгоритам:<br>- се запишуваат чекорите што се потребни да се извршат;<br>- чекорите во алгоритамот треба да бидат јасни и недвосмислени;<br>- во секој чекор има по едно дејство, односно се задава една наредба;<br>- наредбите треба да бидат запишани по точен редослед на извршување.<br>- Самостојна работа: Да напишат алгоритам за облекување според упатството на стр. 57 во учебникот. | Г<br>метод на практична работа<br><br>метод на објаснување<br><br>И<br>метод на практична работа | | Набљудување<br>Дискусија<br><br>Изработен алгоритам |
| 5 мин. | | <u>**Некои можат:**</u><br>да објаснат карактеристики на добриот алгоритам | Како треба да биде напишан алгоритамот за да биде разбирлив за секого? Ги набројуваат и објаснуваат карактеристиките на алгоритамот. | З<br>метод на објаснување | | Дискусија |
| **Организација: Детали за поделбата по улоги / групи / возраста** | | | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | | | **Клучна терминологија** |
| Воведен дел: Разговор за редослед на утринските активности<br>Главен дел: Дефинирање на поимот алгоритам, самостојна работа за пишување алгоритам, работа со ученици кои имаат потреба од индивидуален пристап<br>Завршен дел: Набројување на својствата на алгоритамот | | | Да го изработат наставниот лист за алгоритам. | | | алгоритам, наредба, инструкција. |

obrazovanie.literatura.mk